**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА КРУШЕВО**
**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРУШЕВО**
**Бр. 08-653/7**
**12.05.2022 ГОДИНА.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ( „Сл. весник на РМ" бр. 5/02), член 14 став 1 од Законот за еднакви можности на жените и мажите ( „Сл.весник на РМ" бр. 6/2012, 30/2013,166/2014, 150/2015,201/2015 и „Сл.весник на РСМ" бр. 53/2021 ) и член 14 точка 41 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 07/2019 и 07/2020 ), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 12.05.2022 година, донесе:

# ДВЕ ГОДИШЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ НА ОПШТИНА КРУШЕВО ЗА 2022 – 2023година

## ВОВЕД

*Граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба - член 9 од Устав на Република Северна Македонија.*

Политиката на родова рамноправност и зајакнувањето на жените, претставува едно од фундаменталните начела на демократијата и општествениот поредок. Родовата рамноправност во Република Северна Македонија, е уставна категорија.

Воспоставувањето на еднакви можности е грижа на целото општество, односно на сите субјекти во јавниот и приватниот сектор и претставува отстранување на пречките и создавање услови за остварување на потполна еднаквост меѓу жените и мажите. Овој Акциски план за еднакви можности на Општина Крушево за 2022 - 2023година е изработена врз основа на Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Локалната власт може преку своите надлежности и преку координација со многу бројните локални фактори, да превзема конкретни акции во корист на родовата еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирањето на вистинско еднакво општество.

И покрај бројните примери на јавна препознатливост и постигнат напредок, еднаквоста помеѓу половите сѐуште не е реалност во секојдневиот живот. Во пракса мажите и жените не ги уживаат истите права. Сѐуште постојат социјални, политички, економски и културни нееднаквости.

Ваквите нееднаквости се резултат на традиционалниот и социјалниот менталитет наметнат поради бројни стереотипи присутни во рамките на семејството, образованието, културата, медиумите, работната средина, организацијата на општеството итн. Има толку многу области во кои може да се делува со наметнување на нов пристап и правење на структурни промени.

За реализација на целите на Акцискиот план на Општина Крушево ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на раполагање техничките и човечките ресурси. Ќе соработува со сите чинители (организации, институции и поединци) и засегнати страни за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво, вклучително граѓанските организации кои и ќе бидат еден од главните партнери во реализацијата на активностите. Во контекст на дефинираните цели активностите најмногу ќе се насочуваат кон едукација и обука на населението и сите чинители во доменот на еднаквите можности.

ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите ќе се реализира со средства од Буџетот на Општина Крушево. Вкупен буџет за реализација на овој акциски план е 60. 000,00 денари.

МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Координаторот за еднакви можности кој го изработи овој документ и комисијата за еднакви можности ќе следат текот и динамиката на спроведување на Акцискиот план, ќе давата свои оценки како и предлози за неопходни промени се со цел постигнување на утврдените цели.

До Советот на Општината, Градоначалникот и Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика од страна на координаторот за еднакви можности на мажите и жените ќе се доставува годишен извештаи за имплементација на активностите и реализацијата на целите.

Во делот на евалуацијата ќе се вклучи и Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика.

**Координатор за Еднакви Можности**
Наташа Папакоча

Заменик координатор за ЕМ
Еленица Љума

**Комисија за Еднакви Можности**

1. Претседател Абип Руситоски
2. Член- Хибрахим Хурем
3. Член - Александра Тирчоска
4. Член – Ејџан Исмаили
5. Член – Влатко Стојаноски

| ајакнување на институционалните капацитети на општина Крушево за родова интеграција | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ірограма | Мерка | Проект /Активност | Одговорни институции/актери и соработници | Индикатори на успешност (почетна точка/посакувана состојба) | Временска рамка | Планиран буџет |
| а за можности | Водење родово разделена статистика за вработените во институциите во општината и по одредени параметри по области/сектори. | Подготовка на план за собирање на податоци<br><br>Воспоставување на систем за родовно собирање на податоци разделени по пол на локално ниво<br><br>Подготовка на анализи за идентификување на родовите јазови на локално ниво | Одговорно лице: Координатор за еднакви можности<br><br>Соработници:<br>Членови на КЕМ<br>Членови на советот<br>Раководители на одделенија<br>Раководители и менаџери на институции | Податоци разделени по пол како база за родови анализи и развојни индикатори<br><br>Вклучени институции | 2022<br><br>2023 | Нема финансиски импликации, воспоставувањето на системот може да биде преку општинскиот сервер со лицето задолжено за одржување на системите<br><br>Потребно е одлука од Градоначалник/Совет |
| а за можности | Јакнење на капацитетите на општинаската администрација за воведување и примена на родова интеграција | Подготовка на план за обука на годишно ниво<br><br>Организирање на едукативни работилници за администрацијата за спроведување на родова анализа на програми и буџети<br><br>Организирање на работилници за членови на советот за потребата и начините за вклучување на родовата перспектива во програмите и буџетите на општината | Координатор и претседател на КЕМ | Изработен годишен план за обуки<br><br>Број на организирани и спроведени работилници<br><br>Теми опфатени на работилниците<br><br>Број на ж/м присутни на работилниците<br><br>Презентирани родово-буџетски анализи пред советот на општина | 2022<br><br>2023 | За работилница:<br>- сала<br>- освежување<br>- предавач<br>- материјали<br><br>/ |

омоција на работата на комисијата за еднакви можности на локално ниво преку одбележување на посебни датуми

| Програма | Мерка | Проект /Активност | Одговорниинституции/актери | Индикаторинауспешност (почетна точка/посакувана состојба) | Временска рамка | Планиранбуџет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| а за еднакви и | Одбележување на 8 март како ден за социо-економско јакнење на жените | Трибина за одбележување на денот на жените при што темата да се одбере според тековните приоритети на општината ( на пример: можности за економско јакнење на жените преку информирање за правата од работен однос или како да се регистрираат доколку работат во земјоделието – заради намалување на сиромаштијата кај жените земјоделки) | КЕМ во соработка со Локалната Агенција за вработување или во соработка со локалната единица на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | Организиран настан<br><br>Посетеност од ж/м<br><br>Идентификувани пречки за жените кои сакаат да се пријават (пример) | Март 2022<br><br>Март 2023 | За трибина:<br>- сала<br>- освежување<br>- материјали<br><br>(20.000 мкд една работилница доколку не се плаќа сала) |
| а за<br>а заштита<br>авство | | | КЕМ во соработка со Министерство за здравство | Организиран настан<br>Идентификувани предлози – можни решенија | 2022 | / |
| а за<br>ка на<br>ни<br>ации | Одбележување на октомври- месец за борба против рак на дојка или | Организирањена трибини и настани во соработка со здруженија на граѓани | Локална НВО во координација со КЕМ и здравствен дом | Организирани настани<br><br>Посетеност на трибините | 10/2022<br><br>10/2023 | За трибина:<br>- сала<br>- освежување<br>- материјали<br><br>(20.000 мкд една работилница доколку не се плаќа сала) |
| а за<br>ка на<br>ни<br>ации | Одбележување на 16 дена активизам против насилство врз жените | Организирање на трибини и настани во соработка со здруженија на граѓани | Локална НВО во координација со КЕМ | Организирани настани<br><br>Посетеност на трибините | 11/2022<br><br>11/2023 | / |

| дигање на свеста на населението за здрава и чиста животна средина и влијанието на климатските промени врз жените и мажите | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Iрограма | Мерка | Проект /Активност | Одговорниинституции/актери | Индикатори на успешност (почетна точка/посакувана состојба) | Временска рамка | Планиранбуџет |
| а<br>зание | Родовите аспекти на управувањето со отпад на локално ниво- можности и предизвици | Едукативни работилници во соработка со НВО за можности за компостирање во домашни услови | Оделение | Едукативни работилници<br><br>Број на жени и мажи посетители на едукативните работилници | Април-мај 2022 | За работилница:<br>- сала<br>- освежување<br>- предавач<br>- материјали<br><br>(10.000 мкд една работилница доколку не се плаќа сала) |
| | Обуки за жени претприемачи | | | | Јуни 2022 | |
| ам/лер | Јавни тоалети на јавните површини во градот (пазар)<br>Тротоари<br>Зелени површини | Спроведување на анкета со населението за потребите<br><br>Изработен идеен план за реконструкција на тоалетот на пазарот<br><br>Вклучување на бизнис секторот | | | 2022 | / |

кономско јакнење на жените и мажите на локално ниво

| Програма | Мерка | Проект /Активност | Одговорниинституции/актери | Индикатори на успешност (почетна точка/посакувана состојба) | Временска рамка | Планиран буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Прилагодување на образованието кон потребите на пазарот на трудот | Анализа на потребата од работна сила, тековната понуда на работна сила, потребни вештини за можности за отварање на зелени работни места<br><br>Презентација на резултати | ЛЕР и КЕМ<br><br>Бизнис сектор | Одговори од бизнис сектор<br><br>Идентификувани јазови<br><br>Иницијативи за промена | 2022 | / |
| разование | Поттикнување на претприемништво кај младите девојки и момчиња | Промотивни трибини за можности за отварање на сопствени бизниси | Средните училишта | Број на презентации<br><br>Број на присутни девојчиња и момчиња | Јули 2022<br><br>Јули 2023 | / |

**Совет на Општина Крушево**
**Претседател,**
**Андреј Николоски**